ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд од стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот Трговско друштво за производство, промет и услуги ИНТЕРГРАФИКА Тихомор ДООЕЛ експорт-импорт Велес поднесен од должникот како предлагач, на ден 25.04.2024 година го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот за отварање на стечајна постапка над должникот Трговско друштво за производство, промет и услуги ИНТЕРГРАФИКА Тихомор ДООЕЛ експорт-импорт Велес поднесен од должникот како предлагач, СЕ КОНСТАТИРА ЗА ПОВЛЕЧЕН.

Претходната постапка за испитување на условите за отварање стечајна постапка над имотот на должникот Трговско друштво за производство, промет и услуги ИНТЕРГРАФИКА Тихомор ДООЕЛ експорт-импорт Велес, СЕ ЗАПИРА.

СЕ РАЗРЕШУВА привремениот стечаен управник Весела Петрулева од Велес именувана со решението СТ. 4/24 од 08.03.2024 година.

СЕ УТВРДУВААТ трошоци во износ од 6.600,00 денари кои се намируваат од авансираниот износ од 25.000,00 денари.

Разликата на име трошоци на постапката од износот од 6.600,00 денари до авансираниот износ од 25.000,00 денари се враќа на сметка на должникот во НЛБ Банка број 210501685909228.

Решението се објавува на огласна табла и веб страница на Основен суд Велес, во Службен весник на РСМ и на веб страницата на ЦР на РСМ.

О б р а з л о ж е н и е

До овој суд од должникот како предлагач Трговско друштво за производство, промет и услуги ИНТЕРГРАФИКА Тихомор ДООЕЛ експорт-импорт Велес поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот. При претходно испитување на предлогот во смисла на чл.53 ст.1 од Законот за стечај судот утврди дека кон предлогот се доставени потребните докази за да може да се постапува по истиот.

По задолжение на судот, предлагачот на ден 07.03.2024 година има извршено уплата на аванс за покривање на трошоците на претходната постапка во износ од 25.000,00 денари, а во смисла на чл.53 ст.3 од Законот за стечај.

Судот со решение СТ.4/24 од 08.03.2024 година поведе претходна постапка за испитување на условите за отварање на стечајна постапка над должникот и закажа рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка на ден 10.04.2024 година. Судот со истото решение за привремен стечаен управник го определи лицето Весела Петрулева од Велес.

На записник од ден 18.04.2024 годинауправителот на должникот Тихомир Јованов изјави дека предлогот за отварање на стечајна постапка го повлекува и бара да се донесе решение со кое ќе го констатира повлекувањето. Доставуви податоци за трансакциска сметка на која да се изврши поврат на уплатениот аванс намален за износ во висина на трошоците направени од привремениот стечаен управник а по одмерување на судот.

Привремениот стечаен управник наведе имајќи во предвид да во фазата на подготовка за изготвување на извештај и прибирање на документација од негова страна биле направени трошоци, барам истите да му бидат одобрени во висина од 6.600,00 денари.

Според чл.52 ст.1 од Законот за стечај (ЗС), предлогот за отварање на стечајна постапка може да се повлече се до истакнувањето на огласот за отварање на стечајна постапка на огласната табла односно до донесувањето на решение за отфрлање или

одбивање на предлогот. Според ст.2 од истиот член, ако предлагачот го повлече предлогот за отварање на стечајна постапка, стечајниот судија ќе ја запре постапката. Во тој случај настанатите трошоци во постапката ги поднесува предлагачот. Против решението за запирање на постапката не е дозволена жалба.

Според член 53 став 5 од истиот закон, уплатениот аванс влегува во трошоците на стечајната постапка и се враќа на доверителот, освен ако стечајниот судија по спроведување на претходната постапка утврди дека поднесениот предлогот за отворање на стечајна постапка над должникот е неоснован. Во тој случај од авансираниот износ се покриваат трошоците настанати во спроведување на претходната постапка.

Имајќи во предвид дека предлагачо на записник од ден 18.04.2024 година го извести судот дека го повлекува предлогот за отварање на стечајната постапка (пред да биде изготвено и објавено на огласна табла формално решение за отварање на стечајната постапка), согласно цитираната законска одредба од чл.52 од Законот за стечај судот одлучи како во ст.1 и ст.2 од изреката на решението и ја запре претходната постапка, а во ст.3, го разреши привремениот стечаен управник.

Во однос на трошоците во постапката судот утврди да предлагачот авансирал на име трошоци на претходна постапка 25.000,00 денари по задолжение на судот, а привремениот стечаен управник побара трошоци во вкупен износ од 6.600,00 денари кои се однесуваат за изготвување писмен извештај и прибирање на документација од негова страна според трошковник примен во судот на 25.04.2024 година, па согласно цитираниот чл.52 ст.2 а в.в. со чл.15 од Законот за стечај оцени да се основани побараните трошоци во вкупен износ од 6.600,00 денари и одлучи како во ст.4 од изреката на решението.

Разликата на име трошоци на постапката од износот од 6.600,00 денари до авансираниот износ од 25.000,00 денари се враќа на должникот, согласно цитираниот член 53 став 5 од ЗС.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.4/24 од 25.04.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Против решението за запирање на постапката не е дозволена жалба, а во останатиот дел незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

ДН:
- Привремен стечаен управник Весела Петрулева од Велес,
- должник – предлагач ,
- оглас во Сл.Весник на РСМ,
- огласна табла и веб страна на судот,
- ЦРРСМ РРК Велес,
- ОЈО Велес,
- АКН Велес,
- МВР-СВР Велес,
- МФ УЈП РД Прилеп,
- Стопанска Банка АД Скопје
- Комерцијална Банка АД Скопје